# В О В Е Д

Во современи услови на стопанисување, економско-организационите фактори играат значајна улога во создавањето на доходот. Од големината на доходот што се остварува во претпријатието, во голема мера ќе зависи и економската моќ, како на претпријатието така и на стопанството во целина.

Влијанието на економско-организационите фактори, во голема мера придонесува за остварувањето на доходот, што значи, овие фактори влијаат како врз трошоците што ги прават претпријатијата, така и врз деловните резултати што треба да се остварат, односно врз доходот.

Со оглед на тоа што значењето на секоја стопанска гранка за стопанството во целина се мери преку нејзиното учество во вкупните стопански активности, преку учеството во општествениот производ, националниот доход и во извозно-увозните активности.

Тутунот е земјоделска култура што е многу застапена во нашата Република, а зазема имногу значајно место, бидејќи преку него Македонија решава и некои проблеми што се од витално значење за нејзиниот развој;

- Со тутунот се покриваат потребите на тутунската индустрија за производство на цигари;
- Се обезбедува извоз и прилив на девизни средства;
- Во тутунската гранка наоѓа егзистенција голем број од населението;
- Се користат земјоделски површини кои што не се погодни за одгледување други култури; и слично.

Иако во последниве години, значењето на тутунот во структурата на вкупното стопанство се намалува, сепак и натаму тој зазема значајно место, особено во услови на стабилизација на стопанството.

Тутунското стопанство го чинат следниве стопански активности:

- производство на суров тутун;
- индустриска обработка на суровиот тутун;
- финална преработка на тутунот-фабрикација на цигари; како и
- промет со тутун и тутунски преработки.

Тутунското стопанство со повеќе од 80% од производството на суров тутун го извршуваат индивидуалните производители од приватниот сектор. Такво-то производство се остварува и на многу иситнети парцели, така што не посто-јат можности за примена на механизација. Сето ова директно се одразува и врз трошоците што ги прават производителите на тие ситни парцели, а тоа пак се одразува и на деловните резултати во стопанството.

Затоа, неопходно е да се истражуваат сите оние економско-организаци-они фактори и услови што се релевантни за остварување на подобри финансиски резултати.

1. Цел на истражувањето

Целта на оваа докторска дисертација е да се согледа влијанието на економско-организационите фактори врз доходот, утврдувањето на факторите кои влијаат врз големината на доходот, и нивната можност за остварување на што поголем доход.

Од направените анализи на економско-организационите фактори кои вли-јат врз доходот, треба да се види каков доход се остварува, со какви ангажи-рања на средства, да се види колкав е потрошокот на човечкиот труд за оства-рување на тој доход.Секако дека во фазата на производството учеството на чо-вечкиот труд е многу поголемо, отколку во другите две фази на обработка и преработа.